**ЗАПИСНИК**
**од првото продолжение на 19-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 04.04.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Методија Јанчески (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Ивона Муфишева Алексовска, Катерина Доневска, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски најави дека г-дин Фетаи и г-дин Јанчески не се присутни на седницата. Објасни дека г-дин Јанчески нема да присуствува бидејќи имал обврски на факултетот каде што работи. Од негова страна имало барање седницата да започне по 15:30 часот, но рече дека од повеќе причини немало можност во тој термин да се одложи седницата. Од таа причина рече дека неговото отсуство е оправдано. Во меѓувреме информира дека г-дин Фетаи пристигна на седницата.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на предлог-записник од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.03.2018 година.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски објасни дека на седницата ќе се разгледува единствената точка која беше одложена на 19-та седница односно Предлог-записникот од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.03.2018 година. Тој беше одложен од технички причини.

Г-дин Фиданоски во врска со записникот, ја пофали службата за добро срочен записник во однос на неговата дискусија искажана на 18-та седница.

Советот на Агенцијата едногласно со 6 гласа „за“ го усвои предложениот Записник од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.03.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Бр. 02-1476/4**
**13-04-2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**